# ДОГОВОР ЗА ВРАБОТУВАЊЕ СО НЕПОЛНО РАБОТНО ВРЕМЕ

ВЕРА ЖБАЈНОВА

Со Законот за работни односи („Службен весник на РМ" бр. 62/05...27/16, предвидена е можност договор за вработување да биде склучен со полно или со неполно работно време (скратено работно време). Како неполно работно време, согласно Законот за работните односи (во натамошниот текст: ЗРО), се смета времето кое е пократко од полното работно време кај работодавачот, односно пократко од 40 часови неделно.

Најчесто работодавачот склучува договор за вработување со полно работно време, но кога процесот на работа наметнува потреба од склучување договор со работно време пократко од полното работно време, тој може со одделен работник да склучи договор за вработување со неполно работно време. Колку часови дневно треба да изнесува работното време на работник кој склучил договор до неполно работно време, ЗРО не определува, па работодавачот сам одлучува на колку часови ќе го ангажира работникот. Но, со оглед што некои права работникот кој работи со неполно работно време ги стекнува доколку работи 4 часа дневно, сметаме дека тоа би било минималното скратено работно време.

ЗРО предвидува работа со скратено работно време и во други посебни случаи и под посебни услови, но во овие случаи правата и обврските кои ги уживаат работниците кои работат со скратено работно време, се разликуваат од работењето со неполно работно време согласно член 48.

## I ДОГОВОР ЗА ВРАБОТУВАЊЕ СО НЕПОЛНО РАБОТНО ВРЕМЕ

Постапката за склучување договор со неполно работно време е иста како и постапката за склучување договор со полно работно време (потребата од работник се огласува во дневен печат или друго средство за јавно информирање или се објавува во службата



www.msfi.com.mk

надлежна за посредување при вработување или се бара посредување на службата). По извршениот избор, со избраниот кандидат работодавачот склучува договор за вработување. Задолжителен елемент на договорот за вработување е одредбата дали договорот е склучен со полно или неполно работно време.

Во ЗРО со неколку одредби содржани во членот 48, е уредено склучувањето договор за вработување со неполно работно време. Со овие одредби утврдено е дека:

- работник кој склучил договор со неполно работно време **има договорни и други права и обврски од работниот однос како работникот кој работи полно работно време и ги остварува пропорционално на времето, за кое што склучил договор за вработување** освен тие за кои со закон поинаку е определено**;**
- работодавачот на работникот кој работи со неполно работно време (ако во договорот за вработување поинаку не е определено), **не смее да му наложи да работи подолго од договореното работно време**, освен во случај на дополнително работење во случаи на природна или друга несреќа;
- работникот има право на годишен одмор со минимално времетраење од десет работни дена;
- работодавачот е должен во договорот за вработување со неполно работно време **да го утврди почетокот и завршетокот на неполното дневно работно време** на работникот и
- да води посебна евиденција за работниците со неполно работно време.



## Права и обврски на работникот кој склучил договор со неполно работно време

Како што огоре наведовме, согласно одредбите од член 48 од ЗРО, работник кој склучил договор со неполно работно време **има договорни и други права и обврски од работниот однос како работникот кој работи полно работно време** и ги остварува пропорционално на времето, за кое што склучил договор за вработување, освен тие за кои со закон поинаку е определено (некои права изречно се наведени во ЗРО). Имајќи ги предвид наведените одредби, можеме да кажеме дека работникот кој работи со неполно работно време има право на:

- плата, надомест на плата и надомест на трошоци поврзани со работа;
- одмори и отсуства и
- други права од работен однос.

## 1 ПЛАТА, НАДОМЕСТ НА ПЛАТА И НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИ ПОВРЗАНИ СО РАБОТА

### 1.1.Плата

Работник кој склучил договор за вработување со неполно работно време има **право на плата сразмерно на времето за кое склучил договор за вработување,** но при тоа треба да се има предвид одредбата од член 3 од Законот за минимална плата („Службен весник на РМ" бр. 11/12...129/15) согласно кој **работникот кој работи со скратено работно време, за времето поминато на работа, има право на сразмерен дел од минималната плата.**

Да потсетиме дека согласно одредбите од член 106 од ЗРО, платата на работникот се состои од основна плата, плата по основ на работна успешност и додатоци на плата. **Основната плата** се определува земајќи ги предвид барањата на работното место, за кое работникот го склучил договорот за вработување, а **работната успешност** на работникот се определува земајќи ги предвид домаќинскиот однос, квалитетот и обемот на вршењето на работата, за којашто работникот го склучил договорот за вработување. **Додатоци на плата**, му припаѓаат на работни-

кот доколку работи под посебни услови при работа кои произлегуваат од распоредот на работното време и тоа: за работа во смени, работа во поделено работно време, ноќна работа, работа на дежурство, согласно закон, продолжена работа, работа во ден на неделен одмор, работа во празници определени со закон и додаток за работен стаж.

Значи работникот има право на плата определена за работното место за кое склучил договор за вработување, право на дел од платата по основ на работна успешност (доколку работните задачи ги извршил повеќе од планираните, со надпросечен квалитет и според други критериуми за оценка на извршената работа) и право на додатоци на плата доколку работи во некои од условите утврдени со закон (работи во смени, прековремено, ноќе, на ден на државен празник и.т.н). **Платата по основ на работна успешност и додатоците на плата, се определуваат (пресметуваат) според основната плата определена за работното место на кое работи со неполно работно време и се додаваат на основната плата**.

## 1.2.Надоместоци на плата

Работникот има право на надоместок на платата за целото време на отсуство во случаите и во траење определено со закон, како и во случаите кога не работи од причини на страната на работодавачот, а работодавачот е должен да му исплати надоместок на платата во случаите на отсутност од работа поради користење на годишниот одмор, платениот вонреден одмор, дообразување, со закон определени празници и од работа слободните денови и во случаите кога работникот не работи од причини на страна на работодавачот (член 112). За време на отсуството на работникот му припаѓа надоместок на платата во висина од неговата просечна плата од последните 12 месеца (остварена за работа со неполно работно време), ако со ЗРО или друг закон поинаку не е одредено, а доколку работникот во тој период не примал плата, му припаѓа надомест во висина на најниската плата.

## 1.3. Надоместоци на трошоци поврзани со работа

Согласно член 113 од ЗРО, работникот има право на надомест на трошоци поврзани со работата за:

- службено патување;
- теренски додаток;
- користење на приватен автомобил за службени патувања;
- одвоен живот од семејството и
- смрт на работникот или член на неговото семејство.
- отпремнина при одење во пензија, како и
- јубилејни награди.

Висината, основицата и рокот за пресметување и исплата на надоместокот на овие трошоци се утврдени Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството („Службен весник на РМ“ бр. бр. 84/2010...119/15), каде што се утврдени и други основи за исплата на надомест на трошоци.

Исплатата на надоместоци на трошоци поврзани со работа не е спорна, но се наметнува следното прашање:

**Дали на работник кој склучил договор за вработување со неполно работно време, треба да му се исплатуваат надоместоците во цел износ или сразмерно на времето за кое склучил договор ?**

Ако се имаат предвид одредбите од член 48 дека работник кој склучил договор со неполно работно време **има договорни и други права и обврски од работниот однос како работникот кој работи полно работно време** и ги остварува пропорционално на времето, за кое што склучил договор за вработување, освен тие за кои со закон поинаку е определено, тогаш нема никакви дилеми.

***Вистински одговор на вашите проблеми !!!***
***МСФИ КОНСАЛТИНГ***

Висината на одделни трошоци поврзани со работа за работник кој работи со неполно работно време, не е определена ниту со ЗРО ниту со Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството (во натамошниот текст: ОКДС).

Некои од трошоците поврзани со работа произлегуваат од некое друго право кое што му припаѓа на работник со неполно работно време. На пример регрес за користење годишен одмор (бидејќи е поврзан со правото на користење годишен одмор), на работник со неполно работно време му следува најмалку половина од износот определен за работник со полно работно време (бидејќи ЗРО му гарантира 10 работни дена на работник со неполно работно време, односно половина од годишниот одмор гарантиран за работник со полно работно време кој изнесува најмалку 20 работни дена).

Меѓутоа, одделни надоместоци на трошоци поврзани со работа на кои има право работник кој работи со полно време, **се исплатуваат во ист износ на работник со неполно работно време**, на пример: дневници за службени патувања (доколку службениот пат трае повеќе од 12 часови кога работникот стекнува право на цела дневница), или користење службен автомобил за службени патувања.

Основицата за пресметување на надоместоците на работниците, согласно член 35 од ОКДС претставува просечната месечна нето плата по работник во Република Македонија исплатена во последните три месеци.

## 2 ОДМОРИ И ОТСУСТВА

Паузата во текот на работниот ден и годишниот одмор за работник кој работи со неполно работно време, точно се определени во ЗРО. Имено, работникот има право на:

- **пауза во текот на работниот ден во траење од 15 минути**, но само доколку работи најмалку четири часови дневно (член 132);
- за работник помлад од 18 години (со оглед на фактот што уживаат посебна заштита), со ЗРО предвидена е **пауза од 30 минути** доколку работи најмалку четири и пол часа дневно;
- **годишен одмор во траење од најмалку 10 работни дена**. Да потсетиме дека работникот кој прв пат заснова работен однос стекнува право на годишен одмор по истекот на шест месеци непрекината работа кај ист работодавач, без оглед дали работникот работи со полно работно време или со пократко од полното работно време (член 139).

Покрај паузата во текот на работниот ден и годишниот одмор, работникот кој работи со неполно работно време **има право на платен одмор и неплатено отсуство во исто времетраење како и работниците кои склучиле договор за вработување со полно работно време,** во случаите утврдени во ЗРО и ОКДС: склучување брак, смрт на член на семејство, полагање стручен испит, елементарна непогода и други случаи утврдени со колективен договор на ниво на работодавач.

## 3 ДРУГИ ПРАВА И ОБВРСКИ ОД РАБОТЕН ОДНОС

### 3.1 Право на образование, дошколување и оспособување

Согласно одредбите од член 154 од ЗРО, работникот има право и должност на постојано образование, дошколување и оспособување во согласност со потребите на работниот процес, со цел на одржување, односно унапредување на способноста за работа на работното место, како и зачувување на работното место, а работодавачот е должен да им обезбеди образование, дошколување и оспособување на работниците, ако тоа го бараат потребите на работниот процес или, ако со образованието, дошколувањето или оспособувањето може да се избегне откажувањето на договорот за вработување од лична или деловна причина. Траењето на образованието, дошколувањето и оспособувањето на работниците, како и правата и обврските на договорните страни пред и по завршувањето на образованието, дошколувањето и оспособувањето на работниците се уредуваат со посебен

договор или со колективен договор. Бидејќи **овие одредби изречно не упатуваат дека се однесуваат само на вработени со полно работно време, сметаме дека истите се однесуваат и на работници со неполно работно време**.

## 3.2 Право на безбедни услови за работа

Работникот има право на безбедни услови за работа, поради што согласно член 42 од ЗРО, работодавачот е задолжен да обезбеди услови за безбедност на животот и здравјето на работниците во согласност со посебните прописи за здравје и безбедност при работа и да ги преземе неопходните мерки со кои се гарантира дека на секој работник му е дадена доволна обука соодветна на посебните карактеристики на работата, водејќи сметка за неговата стручна подготовка и искуство. Значи **работник кој работи со неполно работно време ги има сите права и обврски согласно Законот за безбедност и здравје при работа.**

## 3.3 Обврска да ги извршува совесно работните задачи

Обврските на работникот при извршувањето на работните задачи (без оглед дали склучил договор со полно или неполно работно време), во ЗРО се пропишани со повеќе одредби, а некои од нив ги наведуваме во продолжение на овој текст. Имено:

- работникот е должен совесно да ја извршува работата на работното место за коешто склучил договор за вработување, во време и на место, коишто се определени за извршување на работата, почитувајќи ја организацијата на работа и деловната активност на работодавачот (член 30);
- работникот е должен да ги почитува барањата и упатствата на работодавачот во врска со исполнувањето на работните обврски од работниот однос да ги почитува и спроведува прописите за заштита при работа, да го заштити својот живот и здравје, како и здравјето и животот на другите лица. Работникот е должен да се воздржува од сите постапки кои со оглед на природата на работата што ја врши кај работодавачот, се штетни или би ги повредиле интересите на работодавачот (член 34);
- работникот не смее да ги искористи за своја сопствена употреба или да ги предаде на трето лице податоците што се сметаат за деловна тајна на работодавачот, кои како такви со посебен акт ќе ги определи работодавачот и кои му биле доверени на работникот или со кои бил запознат на друг начин и одговорен за издавање на деловна тајна, ако знаел или би морал да знае за таквото својство на податоците (член 35);
- за времетраењето на работниот однос работникот не смее без согласност на работодавачот за своја или на туѓа сметка да врши или склучува работи кои спаѓаат во дејноста на работодавачот и значат или би можеле да значат конкуренција на работодавачот (член 36).

## 3.4 Да не ја крши работната дисциплина и ред пропишани од страна на работодавачот

Работникот е должен да ги почитува барањата и упатствата на работодавачот во врска со исполнувањето на работните обврски од работниот однос, како и да ги почитува правилата за работниот ред и дисциплина пропишани од работодавачот. Непочитувањето на работниот ред и дисциплина од страна на работник, без оглед дали склучил договор за вработување со полно или неполно работно време, повлекува одговорност и можност за откажување на договорот за вработување со или без отказен рок.



## II ДОПОЛНИТЕЛНО РАБОТЕЊЕ

Со ЗРО е предвидена можност работник, кој работи полно работно време, по исклучок да склучи договор за вработување со неполно работно време со друг работодавач, но **најмногу за десет часа неделно**, со претходна согласност на работодавачите, каде што е вработен со полно работно време (член 121). Обврзен составен дел на договорот за вработување е договорот за начинот на остварувањето на правата и обврските од овој работен однос со оглед на правата и обврските на работникот кај работодавачот, каде што е вработен со полно работно време. Дополнителното работење не е во права смисла на зборот скратено работно време, бидејќи работникот веќе има склучено друг договор со полно работно време (кај еден или два работодавачи со неполно работно време), кај кој ги остварува правата и обврските во целост. Исто така, ЗРО не определува посебни права и обврски за овие дополнителни часови што ги поминува на работа (бидејќи работникот ги ужива сите права со склучувањето договор со полно работно време), туку упатува правата и обврските од овој работен однос со оглед на правата и обврските на работникот кај работодавачот каде што е вработен со полно работно време, да се уредат со договорот за вработување за дополнително работење.

## III СКРАТЕНО РАБОТНО ВРЕМЕ ВО ПОСЕБНИ УСЛОВИ

Согласно член 116 од ЗРО пропишано е дека со закон или други прописи во согласност со закон, или со колективен договор може да се определи за работните места, кај кои постојат поголеми опасности од повреди или здравствени оштетувања, полното работно време да трае помалку од 36 часа неделно. Оваа законска одредба детално е уредена со член 122-а со кој е предвидена можноста на работникот кој работи на особено тешки, напорни и штетни по здравјето работи, а чие штетно влијание врз неговото здравје, односно работна способност не може во целост да се отстрани со заштитни мерки, **работното време да му биде скратено сразмерно на штетното влијание врз неговото здравје, односно работна способност**, во согласност со закон и колективен договор. Како особено тешки, напорни и штетни по здравјето работи, согласно одредбите од овој член, се сметаат: особено тешка физичка работа; работа под зголемен атмосферски притисок; работа под зголемена бучавост; работа во вода или влага; работа изложена на јонизирачки зрачења; работа со болни од заразни болести и со заразни материјали; работа на хируршки интервенции во операциони сали; работа во областа на психијатријата; работа со лица со најтешки пречки во психичкиот развиток; работа во судска медицина и патолошка анатомија; работа со нагризувачки материјали; работа на летачки персонал; балетски изведби; музичари на дувачки инструменти; играорци и оперски солисти; работа во близина на напон или под напон и работа на височина или длабочина. Одобрение за работа со скратено работно време во овој случај, дава министерот надлежен за работите од областа на трудот, врз основа на претходно прибавено мислење од здравствена установа која врши дејност медицина на трудот и мислење од инспекција на трудот.

Скратувањето на работното време, односно добивање одобрение за работа со скратено работно време, се врши по спроведена постапка која се поведува по барање на работникот или синдикалната организација до работодавачот. ЗРО предвидува можност инспекцијата на трудот со решение да му нареди на работодавачот да покрене постапка за утврдување на скратено работно време, доколку утврди дека постојат условите за скратување на работното време.

Барање за добивање одобрение за работа со скратено работно време поднесува работодавачот до министерството надлежно за работите од областа на трудот. Кон барањето за добивање одобрение, работодавачот доставува мислење од здравствена установа која врши дејност на медицина на трудот и мислење од инспекција на трудот.

Здравствената установа која врши дејност медицина на трудот и инспекцијата на трудот, мислењето го доставуваат врз основа на претходно изготвен и доставен елаборат од работодавачот.

При остварување право на плата и другите права од работен однос, **скратеното работно време се изедначува со полното работно време,** што значи дека работникот ги ужива сите права како да извршува работни задачи со полно работно време.

Работникот кој работи со скратено работно време на работи особено тешки, напорни и штетни по здравјето работи, **не смее** да работи на тие работи прекувремено, ниту може да се вработи кај друг работодавач на истите работи, за времето за кое работи со скратено работно време.

## IV СКРАТЕНО РАБОТНО ВРЕМЕ ВО ПОСЕБНИ СЛУЧАИ

Работникот може да работи помалку од полното работно време (скратено работно време) во согласност со прописите за пензиско и инвалидско осигурување (инвалидност) и прописите за здравствено осигурување (медицинска рехабилитација). Имено, согласно член 38 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување („Службен весник на РМ“ бр. 98/12...27/16) доколку работната способност на осигуреникот е намалена за 50% во споредба со физички и психички здрав осигуреник со исто или слично образование и способност поради што не може да ги извршува работните задачи со полно работно време, **може да работи со скратено работно време** или да биде распределен на друга соодветна работа согласно со прописите кои се однесуваат на работните односи и колективниот договор. Во таков случај тој остварува права од задолжителното социјално осигурување како кога би работел со полно работно време. Работникот кој работи помалку од полното работно време во наведените случаи, има право на плата според стварните работни обврски, како и други права и обврски од работниот однос како работник кој работи полно работно време, ако со ЗРО поинаку не е определено (член 122).

## V СКРАТЕНО РАБОТНО ВРЕМЕ НА РОДИТЕЛ НА ДЕТЕ СО РАЗВОЈНИ ПРОБЛЕМИ И ПОСЕБНИ ОБРАЗОВНИ ПОТРЕБИ

ЗРО предвидува и право еден од родителите на дете со развојни проблеми и посебни образовни потреби, да работи со половина од полното работно време ако двајцата родители се во работен однос или ако родителот е самохран. Скратеното работно време во ваков случај се врши врз основа на наод од надлежна лекарска комисија, и под услов детето да не е сместено во установа за социјално-здравствено згрижување.

Скратеното работно време во овој случај **се смета како полно работно време**, а правото на надомест на плата се исплатува според прописите за социјална заштита (член 169). Имено, согласно одредбите од член 82 од Законот за социјална заштита („Службен весник на РМ“ бр.79/09...192/15), **правото на надоместок на плата за скратено работно време поради нега на дете со телесни или ментални пречки во развојот и со најтешки облици на хронични заболувања, утврдено со ЗРО, се остварува во центарот за социјални работи. Висината на надоместокот на плата изнесува 4.800 денари**, која се усогласува со порастот на трошоците на живот за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година. Придонесите и другите обврски се пресметуваат и наплатуваат согласно со Законот за пензиско и инвалидско осигурување, а социјалните придонеси се пресметуваат и плаќаат согласно со Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување.

**Напомена:**

**Во продолжение Ви презентираме Терк на Договор за вработување со неполно работно време.**

070 317 142
070 333 713

Врз основа на член 13, 15, 28 и 48 од Законот за работни односи (Сл. весник на РМ бр. 62/05...27/16), работодавачот_______________________________________ со седиште на ул.____________________, МБ _________ (во натамошниот текст:работодавач) и работникот ____________________________________ од __________, со живеалиште на ул. __________________________________, ЕМБГ __________________ (во натамошниот текст: работник), на ден ____________ година го склучија следниот:

**ДОГОВОР ЗА ВРАБОТУВАЊЕ**

**со неполно работно време**

**Општи одредби**

**Член 1**

Со овој Договор се уредуваат правата, обврските и одговорностите од работниот однос меѓу работникот и работодавачот.

**Член 2**

Работникот заснова работен однос на неопределено време почнувајќи од ___________ година.

Работниот однос работникот го заснова со неполно работно време, односно 4 (четири) часови дневно, на работно место _________________________________.

Работните задачи, работникот ќе ги извршува во ______________ (*се наведува местото, односно градот).*

Почетокот на работното време е од 8 (осум часот) а завршува во 12 часот (*може да се определи и друг почеток и завршеток на работа*)

Во случај на потреба, работникот е согласен да извршува работни задачи на секое работно место кое одговара на неговиот степен на стручна подготовка**.**

**Обврски на работникот**

**Член 3**

Работникот ги прифаќа обврските што произлегуваат од Законот за работните односи, колективниот договор и општите акти на работодавачот, а особено:

- работите да ги извршува совесно, навремено и квалитетно, а средствата за работа да ги користи економски, целесообразно и одговорно и да остварува позитивни резултати во работата;

- да се придржува кон пропишаното работно време и пропишаните мерки за заштита при работа;

- да ги почитува општите и поединечните акти, наредби, барања, упатства и одлуки на работодавачот, непосредниот раководител и органите на управување;

- да се воздржува од сите постапки кои со оглед на природата на работата се штетни или би ги повределе интересите на работодавачот;

- правилно и совесно да се однесува спрема странките и останатите вработени, со своето однесување да го чува угледот на работодавачот и

- не смее да ги користи за своја сопствена употреба или да ги предаде на трето лице податоците што се сметаат за деловна тајна и кои му биле доверени и со кои бил запознат на друг начин.

**Обврски на работодавачот**

**Член 4**

Работодавачот ги прифаќа обврските што произлегуваат од Законот за работните односи, колективниот договор и општите акти, а особено прифаќа:

- да му ги обезбеди работа за која се договориле, потребните услови работа и за извршување на преземените работни задачи;
- да му го обезбеди пропишано работно време, одмори и отсуства од работа,
- да му обезбеди пропишани средства за заштита при работа и други услови за работа и права од работен однос во согласност со закон и колективен договор;
- да му обезбеди редовна месечна плата и исплата на други додатоци, надоместоци и примања во согласност со закон и колективен договор и општите акти на работодавачот;
- да ја штити и почитува личноста и достоинството на работникот и неговата приватност.

**Права на работникот**

**Член 5**

За извршената работа, работодавачот на работникот ќе му се исплатува основна плата во бруто износ од ________________ денари.

Работникот има право на додатоци на плата, дел од плата за работна успешност, надоместоци на плата и надоместок на трошоци поврзани со работа согласно ЗРО и колективен договор, сразмерно на времето за кое склучил договор за вработување.

Работодавачот се обврзува на работникот да му ја исплаќа платата најдоцна до 15-ти во месецот за претходниот месец.

**Член 6**

Работникот има право на дневен, неделен и годишен одмор.

Должината на дневниот одмор изнесува 15 минути во текот на работниот ден, а неделниот одмор се определува согласно Законот за работни односи.

Работникот има право на годишен одмор во траење од најмалку 10 работни дена, а времето на користење го определува работодавачот во согласност со Законот за работните односи, колективниот договор и во согласност со потребите на работењето на работодавецот, утврдено со општ акт на работодавецот.

Работникот има право на платен и неплатен одмор (отсуство) согласно ЗРО и колективен договор.

**Обврска за чување деловна тајна**

**Член 7**

Работникот се обврзува дека за време на вработувањето кај работодавачот, како и по престанок на работа кај работодавачот, без негова писмена дозвола, нема да даде на било

која личност, фирма, компанија или организација, било која информација за работењето на друштвото, добиен или лично работен кај работодавачот.

Работникот се обврзува дека нема да користи за сопствени цели или профит, или цели различни од оние на работодавачот, било каква информација која може да ја добие, а се однесува на работата на работодавачот или било кој поранешен, сегашен или иден комитент, добавувач или вработен.

**Конкурентска забрана**

**Член 8**

Работникот не смее за времетраењето на работниот однос, без согласност на работодавачот за своја или на туѓа сметка да врши или склучува работи кои спаѓаат во дејноста на работодавачот и значат или би можеле да значат конкуренција на работодавачот.

Во случај на непочитување на оваа забрана работодавачот може да бара обештетување на настаната штета, во рок од три месеца од денот кога дознал за вршењето на работата или склучувањето на зделката, односно во рок од две години од довршувањето на работата или склучувањето на зделката.

**Раскин на договорот**

**Член 9**

Овој Договор може да се раскине со спогодба на страните и пред истекот на времето за кое е склучен и со отказ од страна на работникот и работодавачот во согласност со закон, колективен договор и општите акти на работодавачот.

Должината на отказниот рок изнесува 30 дена.

**Општи акти на работодавачот**

**Член 10**

Условите за работа на работникот, се уредени во следниве општи акти на работодавачот:

- Правилник за организација на работа и систематизација на работните места;

**Завршни одредби**

**Член 11**

За се што не е предвидено со овој договор ќе се применуваат соодветните одредби од Законот за работните односи.

**Член 12**

Договорот е склучен во 2 (два) истоветни примероци, од кои по еден за работникот и работодавачот.

**Работник** **Работодавач**

_________________ _______________